Уп. бр. 08-2

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О, друштво со ограничена одговорност со седиште на ул.  Хероја Вердника 22, 4270 Јесенице, Република Словенија, преку полномошник Адвокат Јасмина Брезовска од Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од Скопје, на седницата одржана на ден 12.02.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О, друштво со ограничена одговорност со седиште на ул. Хероја Вердника 22, 4270 Јесенице, Република Словенија ќе стекне контрола над САНИВИТА производство на храна д.о.о, со седиште на Обртна цона Угар 19, 1310 Рибница, Република Словенија, по пат на купопродажба на удели и ќе стекне средства и договори на Т.Х.Е., продавница за спортска исхрана д.о.о, со седиште на ул.Хрвашка улица 10, 1000 Љубљана, Словенија иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платив административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 02.01.2025 година, а дополнето на 21.01.2025 и на 28.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О, друштво со ограничена одговорност со седиште на ул. Хероја Вердника 22, 4270 Јесеници, Република Словенија,  со која од ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О,ќе стекне контрола над САНИВИТА производство на храна д.о.о, со седиште на Обртна цона Угар 19, 1310 Рибница, Република Словенија, по пат на купопродажба на удели. и ќе стекне средства и договори на Т.Х.Е., продавница за спортска исхрана д.о.о, со седиште на ул.Хрвашка улица 10, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О врши продажба на спортска исхрана, додатоци за спортска исхрана и здравје, спортска облека и опрема за тренинг во Словенија, со регистрирана дејност на неспецијализирано посредување во продажба на разновидна стока.

ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О е во сопственост на АЛПЕ ГЕФ СПОРТ Д.О.О, друштво за инвестиции од Р. Словенија, кое поседува 100% удел и кое е составен дел на групацијата т.н АЛФИ ГРУП.

АЛФИ Груп моментално има 1 поврзано друштво регистрирано во Република Северна Македонија, и тоа: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со примарна дејност продажба на детски играчки.

Дополнително, Подносителот ПРОТЕИНИ СИ остварува приходи во Република Северна Македонија преку договор за франшиза со друштвото ГТ СПОРТ СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје за продажба на спортска храна, суплементи и додатоци.

САНИВИТА д.о.о е со претежна дејност производство на хомогенизирана и диетална храна.

САНИВИТА Д.О.О нема поврзани друштва во Р.С.Македонија,но остварува приходи во Северна Македонија преку продажба на спортска исхрана, суплементи и додатоци на храна..

Т.Х.Е продавница за спортска исхрана, д.о.о е врши малопродажба преку нарачка по пошта или преку интернет.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (в) (i)од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**